**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Бр.** 03-371
24.11. **2023 година**
**Скопје**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20, 77/21 и 154/23), а во врска со член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13 и 13/14), точка 3 алинеја 2 и точка 14 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година, Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година, Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година, согласно Заклучокот бр.02-4325/10 од 23.11.2023 година го донесе следното

**Решение**
**за преземање мерка - јавна опомена**

1. ЈАВНО СЕ ОПОМЕНУВА Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово", заради извршена повреда на член 14 став 1 од Законот за медиуми, на начин што овој издавач на печатен медиум во изданието бр.58 за септември-октомври 2023 година, не ги објавил податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, називот на печатницата, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Повредата од став 1 од оваа точка, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

2. МУ СЕ НАЛОЖУВА на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на "Слово", во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова Решение, да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за медиуми.

3. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

4. Ова Решение е конечно, а како ден на негово донесување се смета денот на неговата заверка во Архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Образложение**

Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Агенцијата), врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (ЗАВМУ) и член 29 од Законот за медиуми (ЗМ) надлежна е да врши административен надзор на работењето на издавачите на медиуми од аспект на усогласеноста на нивното работење со обврските од членовите 6, 8, 14 и 15 од ЗМ.

Во согласност со член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата презема мерка - јавна опомена согласно со овој Закон, во случаите кога се констатира непочитување, повреда на одредбите од ЗАВМУ и подзаконските акти донесени врз основа на истиот, како и на условите и обврските утврдени со дозволата и други акти на Агенцијата

Во согласност со член 29 став 2 од ЗМ, мерките кои Агенцијата како надлежно регулаторно тело може да ги преземе, а кои се утврдени во ЗАВМУ, соодветно се применуваат и во случај на повреда на одредбите од ЗМ.

Според членот 14 став 1 од ЗМ, издавачот на медиумот е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци: назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум, име на одговорното лице на издавачот на медиум, име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум.

Агенцијата во рамките на своите законски надлежности, преку Секторот за стратешко планирање и заштита на авторски права, на 26 октомври 2023 година, изврши редовен административен надзор кај субјектот на надзорот, издавачот на печатен медиум, Здружение СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, при што констатираше прекршување на член 14 став 1 од ЗМ, на начин што овој издавач на печатен медиум во изданието „Слово“ бр.58 за септември-октомври 2023 година не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од ЗМ, односно во изданието бр.58 за септември-октомври 2023 година не ги објавил податоците за: адресата на седиштето на издавачот на медиумот, името на одговорното лице на издавачот на медиумот, називот на печатницата, адресата на печатницата, датумот на печатење или препечатување и бројот на печатени примероци.

Повредата од точка 1 од ова Решение, специфицирана е во Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година, кој е составен дел на ова решение како Прилог бр.1.

Согласно член 23 став 3 од ЗАВМУ, Советот на Агенцијата до Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, на 27.10.2023 година, испрати Допис наш Уп1 бр.03-3864/2 од 27.10.2023 година, со кој му го достави Писмениот извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година, со цел во рок од 7 (седум) работни дена од денот на приемот на дописот, до Советот на Агенцијата да достави изјаснување во писмена форма за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Дописот беше уредно примен од страна на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје на 06.11.2023 година. Во предвидениот рок, Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, не се изјасни за стореното прекршување на одредбите од ЗМ. Советот на Агенцијата на седницата одржана на 23.11.2023 г., го разгледа предметниот Писмен извештај и заклучи на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје да му се изрече мерка – јавна опомена.

Следствено на горенаведеното, врз основа на член 18 став 1 алинеја 20 и член 23 став 1 алинеја 1 од ЗАВМУ, а во врска со член 14 став 1 од ЗМ, точка 3 и алинеја 2 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст) арх.бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година и Писмениот извештај за извршен административен надзор арх.бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година, поради констатирано непочитување на одредбите од ЗМ, утврдено во точка 1 на ова Решение, Советот на Агенцијата на 38-та седница одржана на 23.11.2023 година, согласно Заклучокот арх.бр.02-4325/10 од 23.11.2023 година донесе Решение со кое јавно се опоменува Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово“ и му се наложува во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на ова решение, да го усогласи своето работење со одредбите од ЗМ. По истекот на рокот определен во точка 2 од ова Решение, да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзор, наведен во точка 1 на ова Решение, постапил по Решението.

Согласно член 24 ставови 1 и 2 од ЗАВМУ, ова Решение е конечно и против него издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

Врз основа на горе наведеното, се донесе решение како во диспозитивот.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

**Правна поука:** Против ова решение издавачот на печатениот медиум може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на решението.

**Прилог (1):**

1) Писмен извештај за извршен административен надзор, арх.бр.03-3864/1 од 26.10.2023 година.

**Доставено до:**

- Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово“;
- Управителот на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово“;
- Секторот за правни работи и јавни набавки;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права; и
- Назначените лица во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23) и член 29 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), се доставува

26.10.2023

03 3864 1

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. Вид надзор: редовен

2. Субјект на надзорот: Здружение СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово", и тоа:

- изданието бр. 58 на „Слово" за септември-октомври 2023 година

3. Датум на извршување на надзорот: 26 октомври 2023 година

4. Предмет на надзорот: Надзорот се врши за да се констатира дали издавачот на печатен медиум ја исполнува обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми, според која „*Издавачот на медиум е должен на видно место за секој поединечен носител на содржина (на пример примерок од печатен медиум и телевизиска емисија) да обезбеди објавување на следниве податоци:*

- *назив и адреса на седиштето и уредништвото на издавачот на медиум,*
- *име на одговорното лице на издавачот на медиум,*
- *име и презиме на одговорниот уредник, односно уредниците во согласност со внатрешната организација на уредништвото и*
- *назив и адреса на печатницата и датумот на печатење или препечатување, како и бројот на печатени примероци, кога се работи за печатен медиум".*

5. Претходно изречена мерка: нема

6. Констатации од надзорот: Со надзорот е констатирано дека Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач „Слово", во изданието бр. 58 за септември-октомври 2023 година не ја исполнило во целост обврската од член 14 став 1 од Законот за медиуми.

7. Опис на прекршувањето: Со надзорот на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје е утврдено дека овој издавач на печатен медиум, во изданието бр. 58 за септември-октомври 2023 година, не ги објавил податоците за:

- адресата на седиштето на издавачот на медиумот,
- името на одговорното лице на издавачот на медиумот,
- називот на печатницата,

- адресата на печатницата,
- датумот на печатење или препечатување и
- бројот на печатени примероци.

8. Предлог мерка: Имајќи го предвид констатираното прекршување на член 14 став 1 од Законот за медиуми („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13 и 13/14), а согласно член 23 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се дава следната предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за преземање мерка - јавна опомена на Здружението СРПСКИ КУЛТУРНО ИНФОРМАТИВЕН ЦЕНТАР СПОНА Скопје, издавач на „Слово", и согласно Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (Пречистен текст бр.01-4139/1 од 07.11.2022 година) да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението за преземање мерка - јавна опомена да го усогласи своето работење со член 14 став 1 од Законот за медиуми и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

*Сектор за стратешко планирање и заштита на авторски права*